Врз основа на член 113 од Законот за основно образование (Сл. весник на РСМ бр. 161/19 и 229/20), согласно Правилник за постапката, начинот и условите за давање на користење на училишен простор и спроведување на други активности во врска со општинските основни училишта на Општина Кисела Вода, бр. 09-6681/12 од 18.06.2022 година, Одлуката на Училишниот одбор за издавање на училишен простор под закуп за учебната 2023/2024 година со јавно наддавање, Врз основа на член 42 од Закон за основно образование (Сл.весник на РСМ 161/19 и 229/20) и Правилникот за начинот на изведување на екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности на учениците од основните училишта, мислењето за Програмата за екскурзии, излети, кампувања, летување и зимување за учебната 2023/2024 година- добиено од Биро за развој на образование со бр.09-10/154 од 28.09.2023 година, Одлуката на Училишниот добор за објавување на оглас за екскурзии, излети, кампувања, летување и зимување за учебната 2023/2024 година, Општинското основно училиште Круме Кепески, Кисела Вода - Скопје, објавува:

# ОГЛАС

**за издавање на училишен простор под закуп за учебната 2023/2024 година со јавно наддавање; прибирање на понуди за изведување на екскурзии, излети и други вонучилишни акивности на учениците во учебната 2023/2024 година**

1.**Закуподавач:**
ООУ Круме Кепески, Кисела Вода - Скопје, со седиште на ул. Христо Татарчев бр.46, тел. 02 2777 500.

**2.Понудувач:**
Право на учество на јавното наддавање има секое заинтересирано физичко или правно лице кое е регистрирано за вршење на дејноста согласност со предметот на објавата на огласот.

**3. Предмет на закуп:**
**3.1 - Училишна кујна со трпезарија**
Училишната кујна со трпезарија се издава за почетна цена од 21.613,00 денари месечно. Училишната кујна со трпезарија се издава за период од 2 (две) години почнувајќи од 01.12.2023 година.
**3.2-Градежно земјиште за поставување на спортско игралиште**
Градежно земјиште за поставување на спортско игралиште се издава за почетна цена од 49.679,90 денари месечно.
Градежно земјиште за поставување на спортско игралиште се издава за период од 5 (пет) години) почнувајќи од 13.11.2023 година.

- Градежно земјиште за поставување на спортско игралиште да се покрие со метална конструкција и високо квалитетно церадно платно, вештачка трева, ограда, хортикултурно уредување околу теренот.
- Училиштето да го користи теренот во работни денови кога се одржува настава во период од 07:00 до 14:00 часот за потребите на наставно образовниот процес во училиштето.

За училишниот простор и друга просторија што не е во функција на наставата, предмет на закуп, трошоците за одржување на закупениот простор и режиските трошоци се на терет на закупецот. Закупецот е должен да ја плаќа закупнината месечно, најдоцна до 5-ти во месецот за изминатиот месец.
Гаранции за редовно плаќање на закупнината со депонирање на банкарска гаранција во висина од 2 (две) месечни закупнини.

**4. Задолжителни прилози кон понудата:**

- Име, презиме и адреса за физичко лице;
- Доказ за идентитет – фотокопија од лична карта за физички лица или тековна состојба од Централен регистер за правни лица не постара од 6 (шест) месеци;
- Потврда дека врз правниот субјект не е отворена стечајна постапка, не постара од 6 (шест) месеци, издадена од ЦРСМ.
- Потврда дека врз правниот субјект не е отворена ликвидациона постапка, не постара од 6 месеци, издена од ЦРСМ.
- ДРД Образец - Документ за регистрирана дејност не постар од 6 (шест) месеци, издаден од ЦРСМ. (правни лица).
- Во доставената понуда задолжително треба да бидат наведена почетна цена на закупнина соодветно за предметот на закуп (училишниот простор и друга просторија што не е во функција на наставата).

Документите се доставуваат во оргинал или заверени на нотар.
За изнајмување на Градежно земјиште за поставување на спортско игралиште закупецот треба да има искуство во работа со млади категории и регистрирана фудбаласка школа најмалку 5 (пет) години и да има претходно искуство со ваков вид на терен.

**5. Постапка на јавното наддавање**

Заинтересираните лица кои ќе учествуваат на јавното наддавање со себе треба да имаат:

- Документ за идентификација за физичко лице
- Документ за идентификација на управителот или заверено полномошно доколку учесник во јавното наддавање не е управителот на правното лице.

Јавното наддавање се спроведува на начин при што учесниците на јавното наддавање ја наддаваат почетната цена утврдена во огласот за јавно наддавање.
За најповолен ќе се смета понудувачот кој ќе даде највисока цена за закупнина и со него ќе се склучи Договор за закуп.
Доколку најповолниот понудувач во рок од 8 (осум) дена од известувањето не се јави заради склучување на Договор, тогаш Договорот за закуп ќе се склучи со второ рангираниот понудувач.
Доколку како понудувач се јави едно лице, Договор за закуп ќе се склучи со него доколку ја понудил најмалку почетната цена утврдена во огласот.

## Датум и место на јавно наддавање

Јавното наддавање ќе се одржи во просториите на училиштето на ден 20.10.2023 година (петок) во 10.00 часот.

6. **Прибирање на понуди за изведување на екскурзии, излети и други вонучилишни акивности на учениците во учебната 2023/2024 година**

1. Еднодневен излет за учениците од 1-9 одделение(есенски и пролетен);
2. Еднодневна екскурзија за учениците од 3 одделение.
3. Дводневна екскурзија за учениците од 6 одделение.
4. Тродневна екскурзија за учениците од 9 одделение.
5. Петдневна настава во природа за учениците од 5 одделение.
6. Седумдневно зимување за учениците од 6-9 одделение.
7. Седумдневно летување за учениците од 6-9 одделение.
8. Петдневно кампување за учениците од 6-9 одделение.

Набавката е неделива поради сродноста на истата и излетите/екскурзииите/други вонучилишни активности можат да бидат обезбедени од еден економски оператор.

**Училиштето како најповолен понудувач ќе го избере понудувачот кој ги исполнува следниве минимални услови:**

- да е регистриран согласно позитивните прописи на РСМ за вршење на соодветна туристичка дејност
- да е регистриран најмалку 3 (три) години пред изведувањето на екскурзијата, излетот или друга вонучилшна активност на учениците од основните училишта
- да има успешно реализирано сопствена аранжманска програма во РСМ
- да ги исполнуваат условите за превоз на групи деца, согласно Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата и Правилникот за посебни технички барања на возилата со кои се превезуваат групи деца.

Критериум за избор на најповолна понуда е најниска вкупна единечна цена. Доколку две или повеќе понуди имаат иста цена за најповолна ќе биде избрана понудата која е прва донесена.
Јавното отворање на понудите за изведување на екскурзии, излети и други вонучилишни активности ќе биде на 18.10.2023 година во 10:00 часот, во просториите на училиштето.

Писмените понуди се доставуваат на адреса: ООУ „Круме Кепески“ – Скопје, со седиште ул. Христо Татарчев број 46, со препорачана пратка или во Архивата на училиштето, со назнака: ЗА ОГЛАС за издавање училишен простор под закуп или ЗА ОГЛАС за прибирање на понуди за изведување на екскурзии, излети и други вонучилишни активности. Во горниот лев агол на запечатениот плик да се назначи НЕ ОТВОРАЈ. Ненавремено доставени и некомплетни понуди Комисијата нема да ги разгледува.Огласот трае 5 (пет) работни дена сметано од денот на објавувањето на огласот во дневен печат.

Комисија за спроведување на постапка
ООУ „Круме Кепески“ - Кисела Вода, Скопје